+

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 2 Ноември 2009 година<br>Службен гласник број 14<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454,* www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО СТВАРИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП, ДАВАЊЕ И ПРИМАЊЕ ПОДАРОЦИ И ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА НЕДВИЖНИТЕ СТВАРИ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Правилникот за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на Општина Прилеп, давање и примање подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/3
02.11.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10, член 64 и член 66 од Законот за локалната самоуправа( “Сл.весник на Р.М” бр.5/2002), член 26 став 1 точка 33 и член 92,93 и 94 од Статутот на општина Прилеп(“Сл. гласник на општина Прилеп” бр.6/2003;4/2005 и 11/2008), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 29.10. 2009 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
За условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на Општина Прилеп , давање и примање подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на Општина Прилеп

**I.ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1

Со овој Правилник се определувааат условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на општина Прилеп и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на Општина Прилеп.

Член 2

Општината има право на сопственост на ствари, парични средства и права.
Сопственоста општината ја стекнува од сопствени извори на приходи,по пат на финансирање на граѓаните или со нивно учество на друг начин, од подароци и по други основи.

Член 3

Ствари во сопственост што ги користи општината се:
Недвижни ствари: Земјиште, згради, посебни делови од згради, објекти изградени на земјиштето што како долгорочни средства ги користи општината за извршување на работите и задачите.
Движни ствари:Опрема за уредување и одржување на канцелариски и други простории, моторни возила, долгорочни нематеријални средства и други ствари што ги користи општината за извршување на работите и задачите од нејзина надлежност.

Член 4

Со сопственоста општината располага и стопанисува како добар домаќин, на начин утврден со закон и статутот на општината.
Стварите во сопственост на општината можат да се дадат на користење на урбаните и месните заедници, а на други субјекти само под закуп по пат на јавно наддавање во согласност со закон.

Член 5

Општината може да ги продава стварите што се нејзина сопственост само по пат на јавно

наддавање со јавно огласување и прибирање на затворени писмени понуди, во согласност со закон и статутот на општината.

Почетната цена на стварите од став 1 на овој член не смее да биде помала од нивната пазарна вредност.
Финансиските средства добиени од продажбата на стварите во сопственост на општината може да се инвестираат само за стекнување или реконструкција на постојните ствари во сопственост на општината

## II. РАСПОЛАГАЊЕ СО НЕДВИЖНИТЕ СТВАРИ

### А) Продажба на недвижни ствари

Член 6
Недвижните ствари кои општината престанала трајно да ги користи можат да се продаваат.

Член 7
За продажба на недвижните ствари одлучува Советот на општина Прилеп на предлог на Градоначалникот.
Предлогот за продажба на недвижните ствари покрај другото ја содржи и вредноста на недвижните ствари утврдена во сметководствената евиденција.

Член 8
Кога недвижната ствар не може да се продаде по сметководствената вредност на начин и постапка согласно овој правилник, советот може да одлучи да ја намали вредноста на недвижната ствар но најмногу до 50 % од сметководствената вредност

Член 9
Продажбата на недвижните ствари може да се врши во готово или на рати, за што одлучува Советот на општината.
Продажбата се врши во денари.

Член 10
Ако во моментот на продажбата сметководствената врдност на недвижните ствари е несразмерно мала во однос на продажната вредност на недвижностите на подрачјето каде што се наоѓаат недвижните ствари, вредноста на недвижните ствари ќе ја определи Советот на општината на предлог на Секторот за финансирање и Буџет.

Член 11
Јавното наддавање го спроведува комисија формирана од Градоначалникот.

Член 12
Комисијата е составена од претседател два члена и нивни заменици.
Претседателот на комисијата раководи со работата на комисијата и со јавното наддавање.

Член 13
Огласот за јавното наддавање го објавува комисијата во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката на Советот за продажба на недвижните ствари.

Огласот се објавува во најмалку еден од дневните весници во Р.М, на **web** страната на општината.
Огласот трае 15 дена од денот на објавувањето.
Во случај на неистовремено објавување на огласот важи рокот за јавното наддавање во огласот кој е објавен покасно.

Член 14
Огласот за јавното наддавање на недвижни ствари особено содржи:

- број на огласот
- огранот кој го распишува
- податоци за недвижната ствар што е предмет на продажба (место, улица и број, катастарска општина, катастарска парцела, површина и број на имотен лист)
- вредноста на недвижната ствар како почетна цена на јавното наддавање
- висината на паричниот депозит што треба да се уплати за учество во јавното наддавање
- сметката на која се уплаќа депозитот
- рокот за уплата на депозитот
- условите што треба да ги исполнат наддавачите за учество во јавното наддавање
- рокот во кој треба да се пристапи кон склучување на договорот
- место, ден и час на јавното наддавање

Член 15
Доставувањето на понудите се врши преку пошта или со доставување во архивата на општината.
Понудите со документацијата се доставуваат во затворен плик со ознака “НЕ ОТВОРАЈ” и со цитирање на бројот на огласот.
Пликот не смее да содржи никакава ознака од која би можело да се идентификува понудувачот.
Понудата се доставува во еден оригинален примерок кој треба да биде заверен и потпишан од понудувачот, а за физичко лице само потпишан примерокот на понудата.

Член 16
Кон пријавата за учество на огласот понудувачот е должен да достави и:

- доказ за уплатениот износ за учество на огласот
- доказ за идентитетот( за физичко лице) односно решение за регистрација од централен регистар (за правно лице)
- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган.

- Потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган(за правно лице)
-
- Потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган (за правно лице).

Член 17

Комисијата пред почетокот на јавното наддавање констатира дали се исполнети условите за јавното наддавање и ги утврдува и соопштува начинот и техничките правила на наддавањето и тоа:

- идентитетот на понудувачите односно нивните полномошници
- податоците за недвижната ствар
- почетната цена на наддавањето
- јавното наддавање се спроведува на начин на кој што учесниците ја наддаваaат почетната цена утврдена во огласот за јавно наддавање.
- јавното наддавање трае се додека се нудат повисоки износи од учесниците на јавното наддавање
- Јавното наддавање завршува кога и по трет повик во рок од 3 минути, не е понудена повисока цена.

Договарањето помеѓу понудувачите за време на наддавањето не е дозволено.

Секој учесник за наддавањето е врзан за својата понуда се додека друг учесник не понуди поголена цена.

Член 18

Јавното наддавање завршува кога и по третиот повик од страна на претседателот на комисијата во рок од 3 минути не биде понудена повисока цена по што комисијата утврдува кој од понудувачите понудил највисока цена.

Одлуката на комисијата е конечна.

Член 19

За текот на јавното наддавање комисијата води записник во кој се внесуваат податоци за наддавачите по редослед на најповолно рангирани наддавачи.

Во записникот се утврдува и обврската кога истекува рокот во кој најповолниот наддавач треба да пристапи кон склучување на договорот за продажба.

Податоците од записникот јавно им се соопштуваат на учесниците на јавното наддавање

Член 20

Кога на јавното наддавање за продажба на недвижните ствари се јави само еден наддавач, кој ги прифаќа условите од огласот и ја наддаде почетната цена, истиот стекнува статус на најповолен наддавач и со него се склучува договор за продажба на недвижната ствар.

Член 21

Кога на јавното наддавање нема учесник, јавното наддавање се повторува, при што вредноста на наедвижната ствар се намалува за 20%.

Член 22

Кога најповолниот наддавач не пристапи кон склучување, односно не склучи договор за продажба во утврдениот рок, следно рангираните по редослед наддавачи што ги исполниле условите и ја наддале почетната цена на јавното наддавање стекнуваат статус на најповолен наддавач и можат да пристапат кон склучување на договорот.

Член 23

Паричниот депозит што се уплаќа за учество на јавното наддавање не може да биде помал од 20% од вредноста на недвижната ствар што е предмет на јавното наддавање

Член 24

Паричниот депозит од најповолниот наддавач се засметува во постигнатата цена.

Најповолниот понудувач кој нема да приситапи кон склучување на договор во определениот рок го губи правото на враќање на паричниот депозит.

Паричниот депозит на наддавачите кој немаат статус на најповолен наддавач, се враќа.

Член 25

Доколку, заради непријавување или одредени недостатоци не може да се врши наддавање комисијата ќе утврди дека недвижните ствари предмет на првото јавно наддавање не може да се продадат.

**Б) <u>Размена на недвижни ствари</u>**

Член 26

Недвижните ствари во сопственост на општината можат да се разменат за недвижни ствари во приватна сопственост на други правни или физички лица

Член 27

За размена на недвижните ствари одлучува советот на општина Прилеп по предлог на грдоначалникот

Член 28

Предлогот за размена на недвижните ствари ја содржи потребата за размена, вредноста на недвижните ствари во сопственот на општината и вредноста на недвижните ствари во приватна сопственост на други правни или физички лица за кои се предлага размената.

Вредноста на недвижните ствари од став 1 на овој член ја проценува секторот за Финансирање и буџет - Одделение за администрирање со приходи на општина Прилеп врз основа на даночната основица за данокот на промет на недвижните ствари, за подрачјето каде што се наоѓаат недвижните ствари.

**В) <u>Давање под закуп на недвижни ствари</u>**

Член 29

Недвижните ствари сопственост на општината кои општината престанала времено да ги користи можат да се дадат во закуп на други лица.

Недвижните ствари кои општината ги користи можат да се дадат под закуп по престанок на работното време (со или без опрема) при што не смее да се наруши функцијата на општината.

Во закуп можат да се дадат и недвижните ствари за кои трајно престанала потребата за нивно користење ако не можат да се продадат или да се разменат.

Член 30

Одлука за давање на недвижните ствари во закуп носи Градоначалникот.

Член 31

Давањето на недвижните ствари во закуп се врши по пат на јавно наддавање со јавно огласување и прибирање на затворени писмени понуди, освен за урбаните и месни заедници.

Во постапката за давање на недвижните ствари во закуп се применуваат одредбите на овој правилник со кој е уредена постапката за продажба на недвижните ствари по пат на јавно наддавање.

Член 32

Висината на закупнината на недвижните ствари ја утврдува Секторот за финансирање и буџет-Одделение за администрирање на приходи и истата претставува почетна цена кај давањето на недвижната ствар во закуп.

Член 33

Кога недвижните ствари не можат да се дадат во закуп со јавно наддавање согласно овој правилник, истите може да се даваат под закуп со непосредна спогодба при што висината на закупнината може да се намали за 40% од висината објавена во огласот за првото јавно наддавање , за што Одлука носи Советот на Општината .

## III. РАСПОЛАГАЊЕ СО ДВИЖНИ СТВАРИ

Член 34

Движните ствари чија вредност е до 3.000 евра во денарска противвредност, а за кои времено или трајно престанала потребата за нивно користење од општината, можат времено или трајно, со договор да се дадат на користење на урбани, месни заедници и други субјекти-единки корисници на средства од Буџетотна општина Прилеп.

За движните ствари чија вредност е над 3.000 евра во денарска противвредност, времено или трајно можат да се дадат на користење на урбани, месни заедници или на други субјекти-единки корисници на средства од Буџетот на општина Прилеп, само со согласност на Советот на општина Прилеп.

Договорот од став 1 и 2 на овој член го склучува Градоначалникот.

**А)<u>Продажба на движни ствари</u>**

Член 35

Продажбата на движните ствари чија вредност е над 500 евра во денарска противвредност се врши со јавно наддавање со јавно огласување и со прибирање на затворени писмени понуди.

Член 36

Вредноста на движните ствари што се предмет на продажба се утврдува според сметководствената вредност на движната ствар во моментот на продажбата.

Член 37

Во постапката за продажба на движните ствари со јавно наддавање соодветно се применуваат одредбите од овој правилник со кои е уредена постапката за продажба на недвижните ствари со јавно наддавање.

**Б) <u>Размена на движни ствари</u>**

Член 38

Размена на движни ствари може да се врши само ако со размената се стекнува посоодветна движна ствар со која можат да се извршуваат работите и задачите на општината.

Член 39

Кога размената на недвижната ствар се врши меѓу општината и други субјекти – единки корисница на средства од Буџетот на општината, а вредноста на недвижната ствар е до 1.500 евра во денарска противредност(поединечно или збирно), за размената одлучува Градоначалникот,а доклку вредноста е над 1.500 евра, за размената одлучува Градоначалникот по претходна согласност од советот на општината.

Член 40

Вредноста на движните ствари, предмет на размена се утврдува според сметководсмената вредност што се води за движната ствар во моментот на размената.

Член 41

Кога се врши размена на движната ствар меѓу субјекти-единки корисници од Буџетот на општина Прилеп, разликата во врдноста не се надоместува, во спротивно размената може да се изврши само доколку се плати разликата во вредноста од старна на третото лице.

**В) <u>Давање во закуп на движни ствари</u>**

Член 42

Движните ствари за кои времено или трајно престанала потребата од користење од стрна на општината можат да се дадат во закуп.

Член 43

За давање на движните ствари во закуп чија сметководствена вредност е до 1000 евра во денарска противвредност одлучува

Градоначалникот, а доколку сметководствената вредност на движната ствар е над 1000 евра во денарска противвредност, одлучува градоначалникот по претходно добиена согласност од советот на општината.

Член 44

Давањето во закуп на движната ствар со јавно наддавање со јавно огласување и прибирање на писмени затворени понуди задолжително се врши кога сметководствената вредност на движната ствар е над 1000 евра во денарска противредност.

Член 45

Почетната цена- закупнината за давање на движните ствари под закуп со јавно наддавање ја определува Градоначалникот.

Член 46

Договорот за закуп на движни ствари го склучува Градоначалникот.

Член 47

Кога на јавното наддавање за закуп на движни ствари се јавил само еден наддавач кој ги прифаќа условите од огласот и ја наддал почетната цена на јавното наддавање, единствениот наддавач стекнува статус на најповолен наддавач со кој се склучува договорот за закуп.

Член 48

Во постапката за давање во закуп на движни ствари со јавно наддавање,соодветно се применуваат одредбите од овој правилник кои се однесуваат на давањето во закуп на недвижни ствари со јавно наддавање.

## IV) ДАВАЊЕ И ПРИМАЊЕ ПОДАРОЦИ

Член 49

Општината, односно нејзините овластени претставници можат да даваат и да примаат подароци.

Член 50

Како подарок можат да се дадат пригодни движни предмети од домашно производство со вредност до 1.000 евра во денарска противвредност.

Подароците од ставот 1 на овој член, можат да се даваат на домашни и странски организации, органи, институции во спомен или во знак на меѓународна соработка или солидарност на староанска држава,орган,организација и институција на странска држава или меѓународна организација, односно нивни претставници.

Подароци можат да се даваат на домашни и странски физички и правни лица кои се заслужни за меѓународна афирмација или за развојот на општината.

Член 51

Општината, Градоначалникот, Советот на општината или од нив овластени

претставници, можат да примаат подароци кои по примањето стануваат сопственост на општината.

Градоначалникот, претседателот на советот или други функционери на општинската администрација можат да примаат пригоден личен подарок во сопственост чија вредност не надминува 200 евра во денарска противвредност од дарител-странска држава,орган,институција или меѓународна организација даден во знак на спомен или меѓународна соработка или солидарност.

Ако подарокот од став 2 на овој член ја надминува вредноста од 200 евра во денарска противредност(поединечно или збирно во текот наедна година), примателите подарокот можат да го задржат во сопственост доколку ја доплатат разликата до вредноста на подарокот.

Подароците од став 2 на овој член не можат да се примаат во пари и услуги (плаќање на лични или семејни патувања,одмори,хотелски сместувања и други сметки).

Член 52

Општината може да се стекне со недвижен имот по пат на подарок од домашни или странски физички или правни лица врз основа Договор за подарок kој се заверува кај нотар и има сила на извршна исправа врз основа на која општината се стекнува со право на сопственост на предметната недвижност и основа за запишување на правото на сопственост на општината во јавните книги за запишување на правата на недвижностите.

Член 53

Општината неможи да прими подарок со непознато потекло.

## V) ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА СОПСТВЕНОСТА НА ОПШТИНАТА

Член 54

За стварите што се во сопственост на општината и кои ги користи општината задолжително се води евиденција.

Член 55

Евиденција за недвижните ствари сопственост на општината се води во Државниот завод за геодетски работи, а во одделението за јавни набавки и администрирање со движниот и недвижниот имот сопственост на општината се установува интерна евиденција која содржи:

- податоци за недвижната ствар (место,улица,број,катастарска општина катастарска парцела, број на имотен лист,односно број на поседовен лист,површина на земјиште и површина на објект):

- основот за стекнување право на сопственост:
- облигациони и стварни права (закуп,користење,плодоуживање,службености, ограничувања и други права во однос на недвижната ствар) и

Член 56

За движните ствари сопственост на општината се води сметководствена евиденција при Секторот за финансии И буџет.

Член 57

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите, начинот и постапката за идавање под закуп на деловен простор сопственост на општина Прилеп(“Сл.гласник на општина Прилеп” бр.6/2004).

Член 58

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Прилеп”.

Број 07- 2785/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.10.2009 година на Советот на општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДЗЕМАЊЕ КОРИСНИЧКО ПРАВО НА "ОПШТИНСКИ ПРОТИВ ПОЖАРЕН СОЈУЗ - ПРИЛЕП"**

1. Одлуката за одземање корисничко право на "Општински против пожарен сојуз - Прилеп", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10 , како и чл.62 од Законот за локална самоуправа на РМ
( Сл.Весник на РМ бр.5/2002 ) , како и врз основа на чл.26 ст.1 точка 33 како и чл.62 од Статутот на Општина Прилеп (Сл.Гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005) , Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 20.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за одземање користничко право на "Општински противпожарен сојуз - Прилеп

член 1

Општина Прилеп како сопственик на имот , утврден во Имотниот лист бр.33676 , издаден од страна на Државен завод за геодетски работи - Одделение за премер и катастар Прилеп , заведен под бр.1214-834/3 од 17.04.2008 , за објектот на К.П.19447 за К.О.-Прилеп , во вкупна внатрешна површина од 817 м2 , со оваа Одлука му го одзема корисничкото право на "Општински противпожарен сојуз-Прилеп" , над објектот на К.П.19447 за К.О.-Прилеп.

член 2

На Државниот завод за геодетски работи - Одделение за премер и катастар - Прилеп , како надлежна институција , и се дава овластување да ја спроведе оваа Одлука , и истата Одлука претставува основ за бришење на корисничкото право над имотот од чл.1 од оваа Одлука.

член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во "Службен Гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2785/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.10.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СОУ ГИМНАЗИЈА МИРЧЕ АЦЕВ" - ПРИЛЕП ОД ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ТЕНИСКО ИГРАЛИШТЕ**

1. Одлуката за ослободување на СОУ Гимназија Мирче Ацев" - Прилеп од обврската за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на тениско игралиште, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на точка 6 став 4 од Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Прилеп за 2009 година ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.2/2009) член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26, став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Сл.гласник на Општина Прилеп" бр.6/03 и 4/05), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 29.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за ослободување на СОУ Гимназија "Мирче Ацев"- Прилеп од обврската за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште

Член 1

СОУ Гимназија "Мирче Ацев" - Прилеп се ослободува од обврската за плаќање на надоместок за комунално уредување на градежно земјиште за изградба на тениско игралиште.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл.гласник на општина Прилеп", а ќе се примени при издавање на урбанистичко техничка документација за изградба на истите.

Број 07 - 2785/6
29.10.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОУ "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" - ПРИЛЕП ОД ОБВРСКАТА ЗА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ТЕНИСКО ИГРАЛИШТЕ**

1. Одлуката за ослободување на ОУ "Гоце Делчев"- Прилеп од обврската за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на тениско игралиште, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/6
02.11.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на точка 6 став 4 од Програмата за уредување на земјиштето на подрачјето на општина Прилеп за 2009 година ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.2/2009) член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26, став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Сл.гласник на Општина Прилеп" бр.6/03 и 4/05), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на ден 29.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за ослободување на ОУ "Гоце Делчев" - Прилеп од обврската за плаќање на надоместок зауредување на градежно земјиште

Член 1

ОУ "Гоце Делчев" - Прилеп, се ослободува од обврската за плаќање надоместок за комунално уредување на градежно земјиште за изградба на тениско игралиште.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Сл.гласник на општина Прилеп", а ќе се примени при издавање на урбанистичко техничка документација за изградба на истите.

Број 07 - 2785/7
29.10.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОЕПТУ "КУЗМАН ЈОСИФОВСКИ - ПИТУ"- ПРИЛЕП ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишиот Извештај за работа на СОЕПТУ "Кузман Јосифовски - Питу" - Прилеп за учебната 2008/2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/7
02.11.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу" - Прилеп во учебната 2008/2009 година

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работа на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу" - Прилеп во учебната 2008/2009 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2785/8
29.10.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОЕПТУ "КУЗМАН ЈОСИФОСКИ - ПИТУ"ПРИЛЕП ВО УЧЕБНАТА 2009/2010 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу" Прилеп во учебната 2009/2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/8
02.11.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Годишната Програма за работа на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу" - Прилеп за учебната 2009/2010 година

1. Се усвојува Годишната Програма за работа на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу" - Прилеп за учебната 2009/2010 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2785/9
29.10.2009 год.
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" - ПРИЛЕП ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишиот Извештај за работа на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп за учебната 2008/2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/9
02.11.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп во учебната 2008/2009 година

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работа на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп во учебната 2008/2009 година.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2785/10
29.10.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОУ "ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" ПРИЛЕП ВО УЧЕБНАТА 2009/2010 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Ѓорче Петров" Прилеп во учебната 2009/2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп за учебната 2009/2010 година

1. Се усвојува Годишната Програма за работа на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп за учебната 2009/2010 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2785/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.10.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОУ "РИСТЕ РИСТЕСКИ - РИЧКО" - ПРИЛЕП ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишиот Извештај за работа на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп за учебната 2008/2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп во учебната 2008/2009 година

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работа на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп во учебната 2008/2009 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2785/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.10.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОУ "РИСТЕ РИСТЕСКИ - РИЧКО" - ПРИЛЕП ВО УЧЕБНАТА2009/2010 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп во учебната 2009/2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп за учебната 2009/2010 година

1. Се усвојува Годишната Програма за работа на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп за учебната 2009/2010 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2785/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.10.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОУ "ОРДЕ ЧОПЕЛА"- ПРИЛЕП ЗА УЧЕБНАТА 2008/2009 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишиот Извештај за работа на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп за учебната 2008/2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишниот Извештај за работа на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп во учебната 2008/2009 година

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работа на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп во учебната 2008/2009 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2785/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.10.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОУ "ОРДЕ ЧОПЕЛА" - ПРИЛЕП ВО УЧЕБНАТА 2009/2010 ГОДИНА**

1. Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп во учебната 2009/2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп за учебната 2009/2010 година

1. Се усвојува Годишната Програма за работа на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп за учебната 2009/2010 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2785/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.10.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЈОУ ДГ "НАША ИДНИНА" - ПРИЛЕП ЗА 2009/2010 ГОДИНА**

1.Решението за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ ДГ "Наша иднина" - Прилеп за 2009/2010 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ ДГ "Наша иднина" - Прилеп за 2009/2010 година

1. Се усвојува Годишната Програма за работа на ЈОУ ДГ "Наша иднина" - Прилеп за 2009/2010 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2785/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.10.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА БР. 02 - 310/2 ОД 07.09.2009 ГОДИНА,ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈОУ ДГ "НАША ИДНИНА" - ПРИЛЕП, БР. 01 - 462/1 ОД 28.07.2005 ГОДИНА**

1. Решението за давање согласност на Статутарната Одлука бр. 02 - 310/2 од 07.09.2009 година, за измена и дополнување на Статутот на ЈОУ ДГ "Наша иднина" - Прилеп, бр. 01 - 462/1 од 28.07.2005 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 32 став 5 од Законот за установите ("Службен весник на РМ" 32/2005) и член 12 став 3од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/2000, 17/2003 и 65/2004) и член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за давање согласност на Статутарната Одлука Бр. 02-310/2 од 07.09.2009 година, за измена и дополнување на Статутот на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, бр.01-462/1 од 28.07.2005 година

1. Се дава согласност на Статутарната Одлука Бр. 02-310/2 од 07.09.2009 год., за измена и дополнување на Статутот на ЈОУ за деца - Детска градинка "Наша иднина" - Прилеп, број, 01-462/1 од 28.07.2005 година.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2785/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.10.2009 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРОЦЕНКА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ПРИ ПРОМЕТОТ**

1. Решението за разрешување член на Комисијата за проценка на недвижен имот при прометот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 5 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 61/2004) и член 26 став 1 точка 39 и член 35 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласни на Општина Прилеп" бр.6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување член на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот

1. Да биде разрешен од член на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот при прометот, именуван со Решение ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 1/2006, 6/2006, 12/2007, 0/2007, 3/2008, 8/2008,11/2008,13/2008, 2/2009 и 12/2009) **Тасески Орданчо.**

2. Решението да се достави до именованиот, Градоначалникот, архивата и благајната на Општина Прилеп.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2785/18
29.10.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА, ДЕЛОКРУГ И НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за Измена на Одлуката за организација, делокруг и начинот на Извршување на задачите на општинската администрација на Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/18
02.11.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 57 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 26 став 1 точка 26 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" бр.6/2003, 4/2005 и 11/2008), како и врз основа на член 13 од Уредбата за внатрешната организација на органите на Управата ("Службен весник на РМ" бр.105/2007), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена на Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп**

**Член 1**

Во Одлуката за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Прилеп бр. 07-677/17 од 14.03.2008година и бр.07-1459/2 од 12.06.2009 година, во членот 6 во точката 2 се додаваат нови алинеи 1 и 2 кои гласат:

" – Одделение за буџетска координација;

- Одделение за буџетска контрола".

Алинеите 1, 2 и 3 стануваат алинеи 3, 4 и 5.

**Член 2**

**Во Главата Б) Сектор за финансирање и буџет,по членот 12 се додаваат два нови члена 12-а и 12-б кои гласат:**

**"Член 12-а**

**Одделение за буџетска координација** ги врши работите што се однесуваат на: координирање на процесот на подготвување и изменување и дополнување на буџетот и стратешкиот план; координирање на процесот на разој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола; давање предлози за воспоставување/укинување на еџ анте финансиска контрола со вршење на проценка на ризик и ажурирање на процедурите за работните процеси од областа на финансиското работење и контрола;

задолжително дава мислење по предлог актите што ги изготвуваат другите организациони единици во субјеѓктот и предлог актите на други субјекти кои имаат или може да имаат финансиски импликации за буџетот на субјектот; изготвува план за воспоставување на финансиското управување и контрола како и методологија за спроведување на планот кои ги одобрува раководителот на субјектот; следење и примена на законската регулативе од областа на буџетското работење; дава мислење по предлог на актите што ги изготвуваат другите организациони единици во субјектот и предлог актите на други субјекти кои имаат или можат да имаат финансиски импликации за буџетот на субјектот; подготовка на извештај за реализирани програми, проекти и договори; подготовка на извештај за активностите за воспоставувањеи развој на финансиското управување и контрола; вршење на

самопроценки на одделни процеси на системот на финансиско управување и контрола; подготовка на Годишниот финансиски извештај од член (47) од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

**Член 12-б**

**Одделението за буџетска контрола** ги врши работите што се однесуваат на: контрола на извршувањето на буџетот, контрола на извршувањето на утврдените политики и оперативното управување (надзор над целокупниот процесс на финансиското управување и контрола), Следење на реализацијата на договорите за јавните набавки и спроведува еџ анте и еџ пост финансиска контрола- вршење документирана контрола на комплетноста и исправноста на целокупната документација (фактури, порачки, испратници, работни налози, приемници и друго и нивна усогласеност со договорот за јавни набавки), изготвување на информации и извештаи за извршувањето на буџетот, следење и примена на законската регулатива (закони, подзаконски акти, прописи, стандарди, упаства) од областа на финансиското управување и контрола, контрола на расположливоста на планираните средства во буџетот/финансискиот план пред преземање на обврските.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп" а ќе се применува по добиената согласност од Агенцијата за државни службеници.

Број 07- 2785/19
29.10.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТКАЖУВАЊЕ ОД КОРИСНИЧКО ПРАВО НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

1. Одлуката за откажување од корисничко право на недвижен имот, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/19
02.11.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на чл.36 ст. 1 т.10 , како и чл.62 од Законот за локална самоуправа на РМ ( Сл.Весник на РМ бр.5/2002 ) , како и врз основа на чл.26 ст.1 точка 33 како и чл.62 од Статутот на Општина Прилеп (Сл.Гласник на Општина Прилеп бр.6/2003 и 4/2005) , Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за откажување од корисничко право
на недвижен имот

член 1

Општина Прилеп како корисник на имот , утврден во Имотниот лист бр.90 , издаден од страна на Државен завод за геодетски работи - Одделение за премер и катастар Прилеп , заведен под бр.1105-9928/2 од 18.09.2009 , за објектот на К.П.40 ; К.П.41 и К.П.42 за К.О.-Мелница , со оваа Одлука СЕ ОТКАЖУВА од корисничкото право над овој имот , за времетраење на концескиот договор склучен помеѓу Владата на РМ - Министерството за економија на РМ и ДПУТ"Уни-Гран-Мер"-ДОО-Скопје заведен под бр.24-1603/1 од 24.03.2008 година, се додека трае Договорот за концесија.

член 2

На Државниот завод за геодетски работи - Одделение за премер и катастар - Прилеп , како надлежна институција , и се дава овластување да ја спроведе оваа Одлука , и истата Одлука претставува основ за бришење на корисничкото право над имотот од чл.1 од оваа Одлука .

член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на нејзиното објавување во "Службен Гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2785/20
29.10.2009 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА БР. 07 - 364/4 ОД 25.02.2008 ГОДИНА, ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАВОЈ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН**

1. Заклучокот за усвојување на Одлуката за Измени и дополнување на Одлуката бр. 07 - 364/4 од 25.02.2008 година, за основање на Центарот за равој на Пелагонискиот плански регион, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/20
02.11.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) член 26 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката бр. 07 - 364/4 од 25.02.2008 година, за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион**

1. Се усвојува Одлуката за измени и дополнување на Одлуката бр. 07 - 364/4 од 25.02.2008 година, за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион
2. Заклучокот и Одлуката ќе се објават во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2785/21
29.10.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ПРИАЛЕП ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Програмата за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Приалеп за 2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/21
02.11.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање(„Сл.весник на РМ„ бр. 51/05 и 137/07) член 22 с.1 т.1 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.5/2002) и член 26, с.1 т. 7 од Статутот на општина Прилеп(„Сл.гласник на општина Прилеп„ бр. 6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2009 година

Член 1

**Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2009 година** („Сл.гласник на општина Прилеп„ бр. 2/09;8/09) се дополнува со:

- Во глава **Б ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**, после точка 12, се додаваат следните точки:

**13. Измена на Детален урбанистички план за УАЕ бр. 9/1 кварт 3 и 4 плански опфат ----0,1ха**
**14. Измена на Детален урбанистички план за УАЕ бр. 9/1 кварт 1 и 2 плански опфат----0.33ха**
**15.Измена на Детален урбанистички план за УАЕ бр. 6-дел----------------------------------10.84 ха**
**16.Измена на Детален урбанистички план за УАЕ бр. 16-дел----------------------------------- 0.7ха**

Во глава **В УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА**, после **точка 13**. се додава нова точка која гласи:

**14.Урбанистички план за н.м.Крстец во површина од ---------------------------------- 13,0 ха**

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Прилеп„.

Број 07 - 2785/22
29.10.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН НА ГРАД ПРИЛЕП ЗА УРБАНА ЕДИНИЦА 20, УРБАН БЛОК 20/4 ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување Нацрт - Измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град Прилеп за урбана единица 20, урбан блок 20/4 во Прилеп , се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/07), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 29.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување Нацрт измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град Прилеп за Урбана единица 20,Урбан блок 20/4 во Прилеп**

**Чл.1**

**Се утврдува Нацрт План за измени и дополнувања на ГЕНЕРАЛЕН урбанистички план на град Прилеп за Урбана единица 20,Урбан блок 20/4** , како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** од северната страна ул.,,Бистра Планина,,од источната страна граничи со ул.,,Трајко Николоски,, од јужната страна со железничка пруга Прилеп-Питола и од западната страна е на граница на опфат на урбано подрачје на Град Прилеп 2001-2011.

**Вака определениот плански опфат е со површина од 31,73 ха.**

**Чл.2**

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

**1.Измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град Прилеп ,** фаза Нацрт План изработен од ИУСЕ ,,ИНПУМА,, од Скопје,**техн.бр.52/2009,** од Април 2009год.,кој содржи:

**ОПШТ ДЕЛ**

1.Насловен лист
2.Содржина
3.Регистрација на проектанска организација
4.Лиценца на проект.орг.за исработув.на урб.планови
5.Лиценца за планерот

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А -Текстуален дел**

1.Географско и геодетско определување на планскиот опфат со опис на неговите граници и површина;
2.Историјат на планирање и уредување на подрчјето на планскиот опфат и неговата околина, хронолошки преглед;
3.Податоци за природни чинители;
4.Демографски карактеристики;
5.Состојба на создадени вредности;
5.1.Домување;
5.2.Комерцијални и деловни намени;
5.3.Јавни институции;
5.4.Ненаменет простор;
5.5.Постојна инфраструктура;
5.5.1 Сообраќај
5.5.2.Хидротехничка инфраструктура;
5.5.3.Електроенергетика
5.5.4.Телефонска мрежа;
6.Постојни споменични целини;
7.Нумерички показатели;
8.Анализа на степен на реализација
9.Анализа на можностите за просторен развој

**Б. ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

1.Извод од Просторрен план на Р.Македонија М=1:250000
**2.**Извод од ГУП на град Прилеп- 2001-2011 М=1:5000
Намена на површини…………….........М=1:5000
**2.**Извод од ГУП на град Прилеп- 2001-2011
Поделба на блокови……………….... М=1:10000
3.Синтезен план –постоја состојба М=1:5000
4.Документациона основа-сообраќај М=1:5000
5.Документациона основа-водовод и канализација
Електрика и ПТТ……………….....…… М=1:5000
6.Документациона основа-нивелмански план ................................................. М=1:5000

**II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А.Текстуален дел**

1.Вовед
2.Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат;
3.Извод од просторен план на РМ;
-Услови за планирање на просторот;
4.Планска Програма
5.Опис и образложние на планскиот концепт за просторен развој;
6.Опис и образложение на планските решенија
6.1.Проекција на население;
6.2.Планирање на станени потреби;
6..3.Планирање на потребите за просторен развој на јавни институции;
6.3.1.Образование и наука

6.3.1.1.Предучилишни детски устовни
6.3.1.2.Оновно образование
6.3.1.3.Средно и високо образование,
6.3.2.Здравствени институции
6.4.Планирање на потребите за просторен развој на комерцијални и деловни намени;
6.5.Планирање на потребите за просторен развој на производство,
дистрибуција и сервиси;
6.6.Планирање на потребите за просторен развој на зеленило и
рекреација;
6.7. Планирање на комунални дејности;
6.8. Планирање на потребите за комунална инфраструктура;
6.8.1.Нивелациски план
6.8.2.Сообраќајно решение;
6.8.3.Хидротехничка инфраструктура;
6.8.4.Електроенергетика
6.8.5.Телефонска мрежа;

**7.НУМЕРИЧКИ ДЕЛ**

**7**.1.Нумерички показатели на ангажирна површина по намена
Планиран развој 2009-2019 година
**7.2.**Билансни показатели

8.**МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА**

8.1.Урбанистички мерки за зашт. на терит. и нејзината содржина;
8..2.Заштита на територијата од стихијно градење без планска доку- ментација и заштита на животната средина;
8.3.Заштита на територијата од природни катастрофи;
8.4.Заштита на извориштата на водата за пиење и наводнување
8.5.Заштита на градежно наследство и урбано-амбиентална средина
8.6.Заштита од воени разурнувања;
8.7.Заштита од технички катастрофи;
8.8.Услови за движење на инвалидизирани лица;

**9.ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**10.УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ**

10.1.Општи услови за просторен развој
10.2. Посебни услови за детално планирање на просторот

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1.Синтезен план, План на намена на земјиштето и регулационен план М=1:5000;
2.Сообраќаен и нивелациски план М=1:5000;
3.Инфраструктурен план
М=1:5000**2.Програма за донесување на Урбанистички планови** на територијата на Општина Прилеп бр.07-1848/5 од 30.07.2008 година.

**3. Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот** од Јули 2009г. изработена од " Урбан Проект " –ДООЕЛ - Прилеп ,заведена во Општина Прилеп под бр.09-1730/2 од 22.07.2009год.

**4.Извештај за постапување по забелешките од стручната ревизија од Јули 2008год.**,од изработувачот на планот ,,ИНПУМА,,Скопје ,заведен во Општина Прилеп под бр.09-1730/3 од 22.07.2009год.

**5.Мислење бр.03-2600/2 од 15.10.2009год.** издадено во Општина Прилеп.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2785/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
29.10.2009 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИМЕТО НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО ИМЕТО НА ФИРМАТА ДООЕЛ "ПРИЛЕПСКИ ТЕКСТИЛЕН КОНЗОРЦИУМ"**

1. Одлуката за давање согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата ДООЕЛ "Прилепски текстилен конзорциум", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
02.11.2009 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на РМ"бр.28/2004) и член 26 став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/03), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на ден 29.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за давање согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата ДООЕЛ "Прилепски текстилен конзорциум" - Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата ДООЕЛ "Прилепски текстилен конзорциум" - Прилеп.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2785/24
29.10.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СОЛИДАРНИ СРЕДСТВА ЗА ПОМОШ ВО ОБНОВАТАНА ОПОЖАРЕНИОТ МАНАСТИР "СВ. ЈОВАН БИГОРСКИ"**

1. Одлуката за доделување на солидарни средства за помош во обноватана опожарениот манастир "Св. Јован Бигорски", се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/24
02.11.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Прилеп ( “Службен гласник на Општина Прилеп” 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 29.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за доделување на солидарни средства за помош во обновата на опожарениот манастир "Св. Јован Бигорски"

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Прилеп доделува солидарни средства за помош во обновата на опожарениот манастир "Св. Јован Бигорски".

Помошта се состои од парични средства во висина од 600.000,оо денари од резервите на Буџетот за 2009 година.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од средствата предвидени како резерви во Потпрограма Д 00 - Градона- чалник, ставка 412, постојана резерва од Подставка 412110 - Постојана резерва - непредвидени расходи, предвидени во Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година.

Член 3

Уплатата на средствата од член 1 на оваа Одлука да се изврши на жиро сметка на Манастирот.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 2785/25
29.10.2009 година
Прилеп

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Прилеп
Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ НА БУЏЕТОТ НА ЕЛС ПРИЛЕП ЗА 2009 ГОДИНА**

1. Измените на Буџетот на ЕЛС Прилеп за 2009 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/1
02.11.2009 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА КВАРТАЛНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2009 ГОДИНА - ТРЕТ КВАРТАЛ**

1. Кварталниот Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година - ТРЕТ КВАРТАЛ, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 - 2806/2
02.11.2009 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

## АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 84 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”5/2002) и член 113 став 2 од Статутот на општина Прилеп (“Службен гласник на општина Прилеп” 6/2003), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**О Д Л У К А**

За распишување избори на членови на Советот во Урбаната заедница "Жабино маало" во Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори на членови на Советот во Урбаната заедница "Жабино маало" во Прилеп.

Член 2

Изборите во УЗ "Жабино маало" ќе се одржат на ден 07.11.2009 година (сабота) во домот "Спиро Забрчанец" - Прилеп, со почеток во 17,оо часот.

Член 3

Изборите ќе ги спроведат членовите на Комисијата за месна самоуправа на Советот на Општина Прилеп.

Член 4

Одлуката да се достави до архивата на Општина Прилеп, Комисијата за месна самоуправа на Советот на Општина Прилеп, УЗ "Жабино маало" и да се истакне на видни места во УЗ "Жабино маало".

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2812/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11..2009 година | на Општина Прилеп
Прилеп | Марјан Ристески

Врз основа на член 84 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”5/2002) и член 113 став 2 од Статутот на општина Прилеп (“Службен гласник на општина Прилеп” 6/2003), Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**О Д Л У К А**

За распишување избори на членови на Советот во Урбаната заедница "Тапани" во Прилеп

Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори на членови на Советот во Урбаната заедница "Тапани" во Прилеп.

Член 2

Изборите во УЗ "Тапани" ќе се одржат на ден 21.11.2009 година (сабота) во ОУ "Рампо Левката" со почеток во 19,30 часот.

Член 3

Изборите ќе ги спроведат членовите на Комисијата за месна самоуправа на Советот на Општина Прилеп.

Член 4

Одлуката да се достави до архивата на Општина Прилеп, Комисијата за месна самоуправа на Советот на Општина Прилеп, УЗ "Тапани" и да се истакне на видни места во УЗ "Тапани".

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2813/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК
03.11..2009 година | на Општина Прилеп
Прилеп | Марјан Ристески

## АКТ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ПРАЦНИЦИ

Врз основа на член 43 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003) и член 4 од Одлуката за востановување на општински награди и признанија број 08 - 1281/5 од 03.10.1997 година, Комисијата за одбележување значајни настани, личности и празници, на седницата одржана на ден 27.10.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за доделување на награди и признанија по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп

**Член 1**

***Наградата за животно дело - Златна плакета,*** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп, се доделува на **Милчо Манчески, филмски режисер и сценарист** за постигнати резултати во филмската уметност и промотор на Македонија во Светот.

**Член 2**

**Наградите - плакети** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп се доделуваат на:

**- Министерство за култура,** за успешно реализирани проекти од областа на културата во Општина Прилеп.

- **Амбасада на ЕУ во Македонија**, за успешна соработка на многу полиња, а особено за донации и помош за едношалтерски систем, пречистителна

станица и реновирањето на сите училишта во градот.

- **"Микросам" - Прилеп** за достигнувања во областа на високата технологија и претставување на градот во пошироки рамки.
- **Прилепска пиварница,** заради инвестиции во модерна технологија, унапредување на производството и успешно претставување на градот Прилеп во пошироки рамки.
- "**ТЕРАКОТА" ДОО и "КАРПА" ДОО,** заради хуманоста покажана, несебично донирајќи средства и градежен материјал за изградба на изгорениот дом на семејството Велјаноски на ул. "Цане Коњарец" во Прилеп.
- **НУ Центар за култура "Марко Цепенков"** за постигнати резултати на полето на Театарската уметност, издавачката, ликовната и музичко-сценската дејност.
- **ОУ "Кочо Рацин"** заради успешно реализирани проекти како и освоени награди и признанија од регионални и државни натпревари од повеќе области.
- **Фудбалски клуб "Пролетер"** заради успешно одржување на клубот, кој е оформен 1947 година, постои и се натпреварува се до денес.
- **Здруженијата: "Преродба", "Мајка Традиција" и Унија на жени на ВМРО - ДПМНЕ,** заради нивно несебично залагање во поставувањето на Гинисовиот рекорд на Патрониот празник "Св. Никола" на 19 Декември 2008 година, со што се направи огромна промоција на градот Прилеп во светски рамки.

**Член 3**

***<u>Наградите - дипломи</u>*** по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп, им се доделуваат на:

- **Проф. Д-р. Рубин Гулабоски и Д-р Иван Богески,** за патентираната постапка за синтетизирање на соединение - дериват на коензим Q 10.
- **Миле Талески и Драгољуб Башески,** заради несебичен придонес во промовирање на спортот во Прилеп.
- **Коста Смилески,** постхумно се наградува за постигнати резултати во Македонското музичко творештво.
- **Гоце Секулоски,** за постигнати резултати во инструменталната, композиторската и научно-музичката истражувачка дејност, од областа на Македонското црковно пеење.
- **Димитар Јанакиоски,** за постигнати резултати од областа на фотографската уметност.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 2761/1
27.10.2009 год.
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Комисијата за одбележување значајни настани, личности и празници
Примариус Д-р Благоја Дамески

# С О Д Р Ж И Н А

*на "Службен гласник на Општина Прилеп"*
*број 14 од 02.11.2009 година*

1. Правилник за условите, начинот и постапката за користење и располагање со стварите во сопственост на Општина Прилеп, давање и примање подароци и за евиденција на недвижните ствари во сопственост на Општина Прилеп....................**Стр.1**
2. Одлука за одземање корисничко право на "Општински против пожарен сојуз - Прилеп"..........**Стр.6**
3. Одлука за ослободување на СОУ Гимназија Мирче Ацев" - Прилеп од обврската за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на тениско игралиште. ...............**Стр.7**
4. Одлука за ослободување на ОУ "Гоце Делчев"- Прилеп од обврската за плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на тениско игралиште. ...............**Стр.7**
5. Решение за усвојување на Годишиот Извештај за работа на СОЕПТУ "Кузман Јосифовски - Питу" - Прилеп за учебната 2008/2009 година ...............**Стр.8**
6. Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на СОЕПТУ "Кузман Јосифоски - Питу" Прилеп во учебната 2009/2010 година...............**Стр.8**
7. Решение за усвојување на Годишиот Извештај за работа на СОУ "Ѓорче Петров" - Прилеп за учебната 2008/2009 година...............**Стр.8**
8. Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Ѓорче Петров" Прилеп во учебната 2009/2010 година...............**Стр.9**
9. Решение за усвојување на Годишиот Извештај за работа на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп за учебната 2008/2009 година...............**Стр.9**
10. Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Ристе Ристески - Ричко" - Прилеп во учебната 2009/2010 година...............**Стр.10**
11. Решение за усвојување на Годишиот Извештај за работа на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп за учебната 2008/2009 година...............**Стр.10**
12. Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп во учебната 2009/2010 година...............**Стр.10**
13. Решение за усвојување на Годишната Програма за работа на ЈОУ ДГ "Наша иднина" - Прилеп за 2009/2010 година...............**Стр.11**
14. Решение за давање согласност на Статутарната Одлука бр. 02 - 310/2 од 07.09.2009 година, за измена и дополнување на Статутот на ЈОУ ДГ "Наша иднина" - Прилеп, бр. 01 - 462/1 од 28.07.2005 година...............**Стр.11**
15. Решение за разрешување член на Комисијата за проценка на недвижен имот при прометот...............**Стр.12**
16. Одлука за Измена на Одлуката за организација, делокруг и начинот на Извршување на задачите на општинската администрација на Општина Прилеп. ...............**Стр.12**
17. Одлука за откажување од корисничко право на недвижен имот...............**Стр.13**
18. Заклучок за усвојување на Одлуката за Измени и дополнување на Одлуката бр. 07 - 364/4 од 25.02.2008 година, за основање на Центарот за равој на Пелагонискиот плански регион. ...............**Стр.14**
19. Програма за дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови на територијата на Општина Приалеп за 2009 година...............**Стр.14**
20. Одлука за утврдување Нацрт - Измени и дополнувања на Генерален урбанистички план на град Прилеп за урбана единица 20, урбан блок 20/4 во Прилеп. ...............**Стр.15**
21. Одлука за давање согласност за користење на името на Општина Прилеп во името на фирмата ДООЕЛ "Прилепски текстилен конзорциум"...............**Стр.16**
22. Одлука за доделување на солидарни средства за помош во обновата на опожарениот манастир "Св. Јован Бигорски"...............**Стр.17**
23.Измени на Буџетот на ЕЛС Прилеп за 2009 година. ...............**Стр.18**
24. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Прилеп за 2009 година - ТРЕТ КВАРТАЛ...............**Стр.54**

**АКТИ ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1. Одлука за распишување избори на членови на Советот во Урбаната заедница "Жабино маало" во Прилеп............... ....**Стр.85**
2. Одлука за распишување избори на членови на Советот во Урбаната заедница "Тапани" во Прилеп. **Стр. 85**

**АКТ ОД КОМИСИЈАТА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ, ЛИЧНОСТИ И ПРАЗНИЦИ**

1. Одлука за доделување на награди и признанија по повод 3-ти Ноември - Денот на ослободувањето на Прилеп. ...............**Стр.85**
**1. ОДЛУКА ОД СОВЕТОТ НА ПЕЛАГОНИСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН...............Стр. 87**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.